# ОДНЕСУВАЊА ПОВРЗАНИ СО КОНЗУМИРАЊЕ НА АЛКОХОЛ КАЈ СТУДЕНТИТЕ ОД ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ВО ШТИП

**М. Данилова, В. Здравкова**
*Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев", Штип*

**Вовед:** Младите луѓе во голем број земји почнуваат да конзумираат алкохол на помала возраст. Истражување во развиените земји покажа дека почетокот на започнувањето на употребата на алкохол се поврзува со поголема веројатност за алкохолна зависност и повреди поврзани со алкохолот подоцна во животот. Во САД, просечната возраст на првата употреба на алкохол е 13,1 години. Меѓу младите луѓе кои биле анкетирани во 23 европски земји, повеќе од половина од 11-годишните во повеќето земји изјавиле дека имаат пробано алкохол. Во Република Македонија 40 % од 15 и 16 годишните адолесценти изјавиле дека не конзумирале алкохол во тек на животот.

**Цел:** да се прикажат навиките на студентите од Факултетот за медицински науки кон алкохолот и да се прикажат начините на превенција на алкохолизам.

Материјал и методи: во истражувањето се опфатени 182 студенти од Факултетот за медицински науки во Штип кои се испитани преку анкетен прашалник.

**Резултати:** Од анкетираните студенти на Факултетот за медицински науки 75 % изјавиле дека пиеле алкохол во тек на животот, а 60 % пиеле во тек на последните 30 дена. 60 % од студентите не биле пијани во тек на животот а 40 % биле пијани повеќе пати. Најчесто конзумиран алкохол помеѓу студентите е пивото.

**Заклучок:** Учениците во Македонија се соочуваат со голем број здравствени проблеми поврзани со однесувањата, меѓу кои и употребата на алкохол затоа е потребно да се посвети поголемо внимание на овој проблем, подобра превенција и подобра поддршка.

**Клучни зборови:** алкохолна интоксикација, превенција, навики на адолесценти, алкохолизам, алкохолни нарушувања